**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 Арх. Број 07-1087/2 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 Арх. Број 07-1087/2 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/1**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 точка 6 и 7 од Статут на Општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр.2/2005), член 16 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, 137/2007 и 24/2008), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 19. 05. 2008 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 година**

**член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 година (бр.07-1951/7 од 21.12.2007 година).

**Член 2**

Врз основа на Програма за дополнување на програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови за 2008 година (Службен весник на РМ бр.29/2008), во точка 3, по подточка 3.2 се додава нова подточка 3.3 која гласи :

**3.3** Изработка на Урбанистички планови кои се финансираат од страна на Република Македонија :

а) Урбанизација на локалитет меѓу слободна економска зона Бунарџик и клучка, (дел од урбанистички планови од населени места локалитет Карагач)

б) Изработка на урбанистички план вон населено место Илинден – Стопански комплекс Белимбегово (УБ1, УБ 2, УБ 3, УБ 4, УБ 5),

в) Изработка на урбанистички план за локалитет 1 во н.м.Илинден,

г) Изработка на урбанистички план за локалитет 13 во н.м.Марино,

д) Изработка на урбанистички план за локалитет 14 и 15 во н.м.Марино,

ѓ) Изработка на урбанистички план за село Кадино за локалитет 16, 17 и 19 во н.м.Кадино.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог на границите на планскиот опфат на урбанистичките планови наведени во точка 3.3.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Илинден.

Број 07-1087/2
19.05.2008 година

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за донесување на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа изменување и дополнување 2007-2017 6,06 ха – општина Илинден Арх. Број 07-1087/3 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за донесување на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа изменување и дополнување 2007-2017 6,06 ха – општина Илинден Арх. Број 07-1087/3 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/2** **ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Од 21.05. 2008 год.** **Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007 и 24/2008), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за донесување на Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2007-2017 - 6,06 ха – општина Илинден**

член 1

Со оваа одлука се врши донесување на Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2007-2017 - 6,06 ха – општина Илинден.

член 2

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи:

- на север – улица 1
- на исток до КП 1213/1
- на југ новопланирана улица 3
- на запад новоланирана улица 2

Површината на планскиот опфат изнесува 6,06 ха

Земјиштето на подрачјето на планскиот опфат е неизградено земјиште со тенденција да се гради, заради поволностите кои ги дава локалитетот.

Со Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2007-2017 - 6,06 ха – општина Илинден се предвидуваат зони со класа на намена:

- А - домување
- А3 - групно домување
- Б - комерцијални и деловни намени
- Б2 - големи трговски единици
- Б6 - простор за собири
- В - јавни институции
- В1 - образование и наука
- В2 - здравствени и социјални институции
- Д - зеленило и рекреација

- Д1 - парковско зеленило
- Д3 - спорт и рекреација

член 3

Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2007-2017 - 6,06 ха – општина Илинден со технички број 97/07 изработен е од Друштвото за планирање, проектирање и инженеринг Простор ДОО Куманово и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

член 4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација, јавна анкета и стручна консултација бр.10-120/13 од 25.03.2008.

член 5

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

член 6

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

Број 07-1087/3
19.05.2008 година

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс Белимбегово – Блок 5 општина Илинден изменување и дополнување 2007- 2017 Предлог план Арх. Број 07-1087/4 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за донесување на урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс Белимбегово – Блок 5 општина Илинден изменување и дополнување 2007- 2017 Предлог план Арх. Број 07-1087/4 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/3**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 26 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007 и 24/2008), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за донесување на Предлог - Урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс "Белимбегово" - Блок 5 - изменување и дополнување 2007-2017 - 17,35 ха општина Илинден

член 1

Со оваа одлука се врши донесување на Предлог - Урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс "Белимбегово" - Блок 5 - изменување и дополнување 2007-2017 - 17,35 ха општина Илинден.

член 2

Планскиот опфат na Урбанистички план вон населено место Илинден е дел од Стопанскиот комплекс "Белимбегово".

Границата на планскиот опфат се движи :

- на север - земјен пат со КП бр.2845
- на исток – по осовина на одводен канал
- на југ – земјен пат со КП бр.172
- на запад до каналот за одводнување

Во рамките на наведената граница површината на планскиот опфат изнесува 17,35 ха. Намената на урбаното подрачје се предвидува да биде една урбана целина, односно комплекс со следните намени :

В - Јавни институции
В1 - Образование и наука - високо образование
Д - Зеленило и рекреација
Д2 - Заштитно зеленило

член 3

Предлог - Урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс "Белимбегово" - Блок 5 - изменување и дополнување 2007-2017 - 17,35 ха општина Илинден е изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ПРОСТОР ДОО Куманово и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

член 4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за текот на спроведување на јавната презентација, јавна анкета и стручна консултација на Нацрт планот бр.10-78/10 од 18.03.2008.

член 5

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

член 6

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Бр.07-1087/4**
**Од 19. 05. 2008 година**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за утврдување на блокови во рамките на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино со Арх. Број 07-1087/6 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за утврдување на блокови во рамките на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино со Арх. Број 07-1087/6 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/4**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 17 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, 137/2007 и 24/2008), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело**

член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело бр.07-685/2 од 12.10.2005 година.

член 2

Во членот 3 се додаваат три нови членови на Партиципативно за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Илинден и тоа :

1. Разменка Д.Василевска - Стручно лице од општинска администрација
2. Светлана Јованоска - Стручно лице од општинска администрација
3. Светислав Апостолов - Стручно лице од општинска администрација

член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх. Бр.07-1087/6**

**Од 19.05.2008 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело со Арх. Број 07-1087 /7 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело со Арх. Број 07-1087/7 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/5**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 17 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, 137/2007 и 24/2008), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело**

член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело бр.07-685/2 од 12.10.2005 година.

член 2

Во членот 3 се додаваат три нови членови на Партиципативно за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Илинден и тоа :

1. Разменка Д.Василевска - Стручно лице од општинска администрација
2. Светлана Јованоска - Стручно лице од општинска администрација
3. Светислав Апостолов - Стручно лице од општинска администрација

член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх. Бр07-1087/7**

**Од19.05.2008 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Илинден со Арх. Број 07-1087/8 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Илинден со Арх. Број 07-1087/8 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/6**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/02) и член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр. 68/04) и член 28 од Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр.127/06) и член 20 од Статутот на општина Илинден (Сл. Гласник на општина Илинден бр. 02/05), Советот на општина Илинден на седница одржана на 19. 05. 2008год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за авто-такси превоз на патници во општина Илинден**

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превоз на патници во општина Илинден во делот на:

-локација и капацитетите на такси станиците, отворање на нови и укинување на постојните;

-обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;

-боја на возилата со кои се врши авто-такси превоз;

-утврдување на тарифата за авто-такси превоз;

-издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз и

-максимален број на такси возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници.

2. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВОРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

**Член 2**

Во општина Илинден се утврдуват следниве локации и капацитет на такси станиците:

а) Во населба Илинден ул.9, на паркинг пред општината, со капацитет од 5 (пет) места.

б) Во с.Марино ул.532, кај игралиштето, со капацитет од 5 (пет) места.

в) Во с.Марино ул.534, кај новото училиште, со капацитет од 5 (пет) места.

г) Во с.Кадино ул.1, место викано барутница, со капацитет од 5 (пет) места.

д) Во населба Илинден, кај хотелот Белви, со капацитет од 5 (пет) места.

ѓ) Аеродром Алексанадар Велики со капацитет од 35 (триесетипет) места.

**Член 3**

За отворање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојните авто-такси станици одлучува Советот на општина Илинден по предлог на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Иницијатива за отворање на нова и измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица може да дадат такси превозниците, надлежниот општински орган или урбаната заедница.

Постојна авто-такси станица може да се укине заради:

-реализација на урбанистички план;

-барање од надлежен орган на управата;

-несоодветно користење и одржување.

3. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

**Член 4**

Обележувањето на авто-такси станиците се врши врз основа на сообраќајно техничка документација, изготвена согласно со позитивните прописи и стандарди, обележувањето на авто – такси станиците се врши по потреба.

**Член 5**

На авто-такси станиците се поставуват корпи за отпадоци а за чистотата и уредноста на станицата се грижат авто – такси превозниците.

**Член 6**

Трошоците за обележување и опременување на нова авто-такси станица како и изготвување на документацијата од чл.4 на оваа Одлука, се на товар на авто – такси превозниците.

**Член 7**

На една авто – такси станица можат да бидат паркирани онолку авто – такси возила колку што е капацитетот на станицата.

**Член 8**

Начинот на користење на такси станиците на територија на општина Илинден, се утврдуваат како слободни авто – такси станици а се користат по принципот на "пристигнување" односно редоследот на доаѓање.

4. БОЈА НА ВОЗИЛА

**Член 9**

Такси превозниците се ослободени од обврската такси возилата да бидат со иста боја.

Натписот "ТАКСИ" се истакнува на покривот на возилото, а на бочните страни покрај називот такси и бројот од регистарот на такси превозникот.

5. ТАРИФА

**Член 10**

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдената тарифа.

Се утврдува следнава тарифа за пресметување на цената на превозот:

1. Дневна тарифа од 05.00 до 22.00 часот, 50 денари старт, 20 денари по километар и 3 денари/ 1 минута кога возилото е во мирување.
2. Ноќна тарифа од 22.00 до 05.00 часот, 50 денари старт, 30 денари по километар и 3 денари/ 1 минута кога возилото е во мирување.

6. ЛИЦЕНЦА

**Член 11**

За вршење на авто-такси превозот на патници во општина Илинден, Градоначалникот издава лиценца и може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр.68/04) и Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник бр. 127/06).

На авто – такси превозникот кој ги исполнува условите за добивање на лиценца му се издава лиценца, со лиценцата на авто – такси превозникот му се издава и извод од лиценца за секое возило кое го пријавил со барањето за нејзино издавање.

Лиценцата се издава со рок на важење од 1 година.

Градоначалникот на општина Илинден издава лиценца по поднесено писмено барање и писмени докази за исполнување на условите предвидени во член 13 од оваа Одлука.

Градоначалникот на општина Илинден ја издава лиценцата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање.

Превозникот може да започне да врши превоз на патници откако ќе добие лиценца и извод од лиценца.

Градоначалникот на барање на превозникот ќе ја продолжи важноста на лиценцата ако авто – такси превозникот ги исполнува условите од член 14 од оваа Одлука и приложи потврда за платен данок за вршење на дејноста.

Градоначалникот ќе ја одземе лиценцата во случаите предвидени во член 9 во Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник бр. 127/2006).

Контрола над работењето на авто – такси превозникот врши надлежниот инспекторат, за извршената контрола и констатирана состојба, инспекторот поднесува извештај до Градоначалникот.

**Член 12**

Со авто – такси превозот се превезуваат патници внатре во подрачјето на општина Илинден.

Со авто – такси превозот може да се превезуваат и патници од подрачјето на општина Илинден до друга општина или до градот Скопје, при што во спротивен правец може да бидат превезени само патниците кои биле одвезени.

**Член 13**

Општина Илинден води евиденција за превозниците и моторните возила регистрирани за вршење на превоз на патници во авто-такси превозот во општина Илинден, на начин предвиден со Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр. 68/04) и Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр. 127/06).

**Член 14**

Условите за издавање на лиценца за авто-такси превоз во општина Илинден се следниве:

-превозникот да е впишан во централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност: вршење на превоз на патници.

-да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила, или да има договор за лизинг, што ги исполнува техничко – експлотационите услови пропишани за возила за вршење на оделни видови на превоз.

-да има вработено авто – такси возач.

-во возилото со кое се врши авто – такси превоз на патници да има вградено фискален апарат.

-управителот или овластено лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност издаден од Министерството за транспорт и врски, освен за трговец поединец кој врши авто – такси превоз на патници.

-да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.

7. МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА ВОЗИЛА СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

**Член 15**

Максимален број на возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници во општина Илинден изнесува 50 (педесет) возила.

Утврдениот максимален број на возила може да се измени со одлука на Советот на општина Илинден, по предлог на:

- одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- авто – такси превозниците;
- жителите на општина Илинден.

8. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр. 68/04) и Законот за измени и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. Весник на РМ бр. 127/06).

9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Илинден.

**Арх. Број 07-1048/8**
**Од 19. 05. 2008год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на при-пејд картички за мобилна телефонија со Арх. Број 07-1087/9 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на при-пејд картички за мобилна телефонија со Арх. Број 07-1087/9 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/7**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/02), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за набавка**
**на при-пејд картички за мобилна телефонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Илинден одобрува финансиски средства за набавка на при-пејд картички за мобилни телефони за сите членови на Советот.

**Член 2**

Средствата за набавка на при-пејд картички обезбедени се во Буџетот на општина Илинден.

**Член 3**

Месечниот нето износ на при-пејд картичките ќе биде 2000,00 денари.

Секој член на Советот на општина Илинден ќе добие месечно при-пејд картичка од мобилниот оператор чија услуга ја користи.

**Член 4**

Овие при-пејд картички се доделуват на користење заради подобра комуникација помеѓу членовите на Советот на општина Илинден.

**Член 5**

Право на користење на при-пејд картичка има секој член на Советот кој ќе присуствува најмалку на една седница на Советот на општина Илинден во тековниот месец.

Членовите на Советот на општина Илинден немат право на користење на при-пејд картичка за мобилна телефонија, доколку во тековниот месец Советот на општина Илинден не одржал седница.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр. 07-1087/9**
**Од 19. 05. 2008г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на добивката од работењето на јавното комунално претпријатие Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-1087/10 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање согласност на Одлука за распределба на добивката од работењето на јавното комунално претпријатие Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-1087/10 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19. 05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/8**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96) и член 20 точка 31 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник на Општина Илинден бр.2/05) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука за распределба на добивката од работењето**
**на Ј.К.П. Илинден во 2007 година**

**Член 1**

Се дава согласност Одлуката за распределба на добивката од работењето на Ј.К.П. Илинден во 2007 година Арх. Бр. 03-115/4 од 25.03. 2008 година што Управниот Одбор на Ј.К.П. „Илинден“ ја усвои на седницата одржана на ден 25.03.2008 год.

**Член 2**

Одлуката за распределба на добивката од работењето на Ј.К.П. Илинден во 2007 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден .

**Бр.07-1087/10**
**Од19.05.2008 год**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собириање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти со Арх. Број 07-1087/11 од 19. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собириање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти со Арх. Број 07-1087/11 од 19. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 19.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1210/9**
**Од 21.05. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96) и член 20 точка 31 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник на Општина Илинден бр.2/05) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 19.05.2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука за утврдување на цена на комунална услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти**

**Член 1**

Се дава согласност за давање согласност на Одлука за утврдување на цена на комунална услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти Арх. Бр. 03-115/3 од 25.03. 2008 година што Управниот Одбор на Ј.К.П. „Илинден“ ја усвои на седницата одржана на ден 25.03.2008 год.

**Член 2**

Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на цена на комунална услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден .

Бр.07-1087/11
Од 19.05. 2008 год

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 Арх. Број 07-1087/2 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2. Одлука за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2008 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

3. Решение за прогласување на Одлука за донесување на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа изменување и дополнување 2007-2017 6,06 ха – општина Илинден Арх. Број 07-1087/3 од 19. 05. 2008 година. . стр. 2

4. Одлука за донесување на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа изменување и дополнување 2007-2017 6,06 ха – општина Илинден Арх. Број 07-1087/3 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2

5. Решение за прогласување на Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс Белимбегово – Блок 5 општина Илинден изменување и дополнување 2007- 2017 Предлог план Арх. Број 07-1087/4 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3

6. Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место Илинден за Стопански комплекс Белимбегово – Блок 5 општина Илинден изменување и дополнување 2007- 2017 Предлог план Арх. Број 07-1087/4 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 4

7. Решение за прогласување на Одлука за утврдување на блокови во рамките на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино со Арх. Број 07-1087/6 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . стр. 5

8. Одлука за утврдување на блокови во рамките на урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино со Арх. Број 07-1087/6 од 19. 05. 2008 година. . . . . .. . . стр 5

9. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело со Арх. Број 07-1087 /7 од 19. 05. 2008 година...стр 6

10. Одлуката за формирање на Партиципативно тело со Арх. Број 07-1087 /7 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 6

11. Решение за прогласување на Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Илинден со Арх. Број 07-1087/8 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр 7

12. Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Илинден со Арх. Број 07-1087/8 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . стр. 7

13. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на при-пејд картички за мобилна телефонија со Арх. Број 07-1087/9 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . стр.11

14. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на при-пејд картички за мобилна телефонија со Арх. Број 07-1087/9 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . стр.11

15. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на добивката од работењето на јавното комунално претпријатие Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-1087/10 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . стр.12

16. Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на добивката од работењето на јавното комунално претпријатие Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-1087/10 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . стр.12

17. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собириање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти со Арх. Број 07-1087/11 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . стр.13

18. Одлука за утврдување на цена на комунална услуга-собириање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти со Арх. Број 07-1087/11 од 19. 05. 2008 година. . . . . . . . . . стр. 13